Влада на Република Северна Македонија

Генерален секретаријат

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

# 2025-2027 година

Скопје, јануари 2025 година



Стратешкиот план на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2025–2027 година ја отсликува нашата визија за динамичен, модерен, дигитализиран и транспарентен центар на Владата, кој со целосна посветеност ја гради основата за поефикасно и поправедно општество.

Согласно програмските определби на Владата, овој план е создаден како израз на нашата верба дека професионализмот, посветеноста и заедничката работа можат да постигнат трансформација. Со инклузивен пристап, тој поставува темели за силна доверба меѓу граѓаните и Владата, овозможувајќи донесување на мудри и квалитетни одлуки, кои директно го подобруваат животот на сите нас.

Клучните функции на Генералниот секретаријат, како институција од центарот на Владата, се анализа и координација на процесите за креирање на политиките кои се одраз на нашата одговорност кон граѓаните. Преку иновативни стратегии и интегрирано стратешко планирање, ние ги вклучуваме сите релевантни чинители, бидејќи веруваме дека само преку соработка можеме да изградиме подобра иднина. Ова подразбира унапредување на интегрираниот функционален систем на стратешко планирање кој успешно ги препознава и вклучува сите релевантни чинители, развивање на Владината програма и следењето на спроведувањето, унапредување на севкупната транспарентност и отчетност на Владата пред граѓаните и пошироката јавност.

Стратешкиот план не е само резултат на долгогодишното искуство и експертиза на нашите вработени, тоа е потврда на нивната решителност да работат со посветеност и визија за современа институција. Веруваме дека само преку единство и безрезервна посветеност можеме да ги претвориме нашите планови во видливи и мерливи резултати.

Донесувањето на Националната развојна стратегија за периодот 2024–2044 година претставува пресвртница за нашата земја, создавајќи визија за следните генерации. Ова е нашата шанса да го насочиме развојот на националните политики со јасна цел, одржлив напредок за секој граѓанин.

Очекувам и силно верувам дека преку еден безрезервен квалитетен професионален однос и посветеност на сите вработени во Генералниот секретаријат, сите заедно ќе успееме како Владин стручен сервис да ја реализираме нашата мисија и со тоа да ги преточиме нашите планираните долгорочни, среднорочни и краткорочни приоритети и цели во видливи, мерливи и одржливи резултати.

Со љубов кон нашата земја, посветеност и верба во заедничките напори, ќе ги претвориме зборовите во дела, а визијата во резултати. Секој чекор што го правиме денес е основа за поубаво утре за сите нас.

Igor Janushev Digitally signed by Igor Janushev
Date: 2025.02.03 15:46:06 +01'00'

Игор Јанушев, генерален секретар
на Владата на Република Северна Македонија

Скопје, јануари 2025 година

# Содржина

I. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА 1

I.1 Појдовна основа 1

I.2 Анализа на правната рамка 1

I.3 Анализа на ресурсите 2

I.3.1 Финансиски ресурси 2

I.4 PESTLE анализа 2

I.5 SWOT анализа 4

II. ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА 6

II.1 Мисија 6

II.2 Визија 6

II.3 Задачи и обврски на Генералниот секретаријат 6

II.4 Специфичност на Генералниот секретаријат 7

II.5 Структура на Генералниот секретаријат 8

II.6 Приоритети и цели на Генералниот секретаријат 9

II.6.1 Приоритет бр. 1 – Дигитализација, добро владеење и континуирано осовременување на информациско-комуникациската инфраструктура во Генералниот секретаријат како Центар на Владата 9

II.6.2 Приоритет бр. 2 – Зајакнување на интегрираниот систем на стратешкото планирање 9

II.6.3 Приоритет бр. 3 – Развивање и унапредување на процесот на анализа на политиките и координација 10

II.6.4 Приоритет бр. 4 – Подобрување на регулаторната рамка во функција на подобрување на деловната клима 10

II.6.5 Приоритет бр. 5 – Навремено, транспарентно и објективно информирање на јавноста за работењето на Владата 10

II.7 Осврт на постигнатите резултати во 2023 година 11

II.7.1 Програма 1 – Дигитализација 11

Основните начела за дигитална трансформација на општеството, иницијално развиени од Естонскиот центар за меѓународен развој, во рамки на проектот за унапредување на дигитализацијата на Северна Македонија, спроведен со финансиска поддршка од Естонија и САД, се интегрирани во документот „Концепт за дигитална трансформација на општеството", кој е усвоен од Владата на Република Северна Македонија на 21 март 2023 година. 11

II.7.2 Програма 2 – Стратешко планирање 11

II.7.3 Програма 3 – Анализа на политиките и координација ..... 13
II.7.4 Програма 4 – Деловно опкружување и регулаторна реформа ..... 15
II.7.5 Програма 5 – Транспарентност ..... 16
II.8 Осврт на постигнатите резултати во 2024 година ..... 17
II.8.1 Програма 1 –Дигитализација ..... 17
II.8.2 Програма 2 – Стратешко планирање ..... 18
II.8.3 Програма 3 - Анализа на политиките и координација ..... 21
II.8.4 Програма 4 - Деловно опкружување и регулаторна реформа ..... 23
II.8.5 Програма 5 - Транспарентност ..... 27
II.9 Програми ..... 27
III. ПЛАНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ..... 29
III.1 План за спроведување на Програма 1 – Дигитализација ..... 29
III.2 План за спроведување на Програма 2 – Стратешко планирање ..... 35
III.3 План за спроведување на Програма 3 – Анализа на политиките и координација ..... 42
III.4 План за спроведување на Програма 4 – Деловно опкружување и регулаторна реформа ..... 48
III.5 План за спроведување на Програма 5 – Транспарентност ..... 55
III.6 Влијанија врз човечките ресурси ..... 59
III.7 Принцип на правична застапеност ..... 60
III.8 Принцип на еднакви можности на жените и мажите ..... 60
III.9 Развивање на заедничките функции ..... 62
IV. ПРИЛОГ 1: ОБРАЗЕЦ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ..... 69
IV.1 Ризици на ниво на стратешки план ..... 69
IV.2 Ризици на ниво на Програма 2 – Стратешко планирање ..... 70
IV.3 Ризици на ниво на Програма 3 – Анализа на политиките и координација ..... 72
IV.4 Ризици на ниво на Програма 4 – Деловно опкружување и регулаторна реформа ..... 73

**Листа на кратенки**

| | |
|---|---|
| АСИПИ | Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот |
| ГПРВ | Годишна програма за работа на Владата |
| ГС | Генерален секретаријат |
| ДТИРЗ | Дирекција за технолошко-индустриски развојни зони |
| ЗКФ | Зелен климатски фонд |
| ЗПВДВ | Заменик на претседателот на Владата задолжена за политики за добро владеење |
| ЗПВЕП | Заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции |
| КГС | Кабинет на генералниот секретар |
| КЗК | Комисија за заштита на конкуренција |
| КПВРСМ | Канцеларија на претседателот на Владата на Република Северна Македонија |
| МЕТ | Министерство за економија и труд |
| МЈА | Министерство за јавна администрација |
| МФ | Министерство за финансии |
| НКОВТ | Национален координатор за одговорно владеење и транспарентност |
| НРС | Национална развојна стратегија 2024-2044 |
| ОДУ | Органи на државна управа |
| САПК | Сектор за анализа на политиките и координација |
| МЕП | Министерство за европски прашања |
| СЕПСРИ | Сектор за економски политики, структурни реформи и инвестиции |
| СЗ | Секретаријат за законодавство |
| СИТ | Сектор за информатичка технологија |
| СЈН | Сектор за јавни набавки |
| СНПР | Сектор за нормативно-правни работи поврзани со седниците на Владата и работните тела на Владата |
| СОЈ | Сектор за односи со јавност |
| СПР | Сектор за правни работи |
| ССПС | Сектор за стратегија, планирање и следење |
| СФР | Сектор за финансиски работи |
| ФИТР | Фонд за иновации и технолошки развој |

# ВОВЕД

Генералниот секретаријат на Владата (во натамошниот текст: Генерален секретаријат) е одговорен за координирање на процесот на стратешко планирање на матичните буџетски корисници и во соработка со Министерството за финансии, доставува детални упатства и временски рокови за подготовка на стратешкиот план.

Генералниот секретаријат во рамките на интегрираниот систем на стратешко планирање воедно се грижи за воспоставување и развивање на секторското планирање, обезбедување на унифициран систем за подготвување и следење на спроведувањето на секторските стратегии согласно Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии и Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии, кои ги донесува Владата.

Стратешкиот план на Генералниот секретаријат за периодот 2025-2027 година, врз основа на утврдените стратешки приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија, обезбедува кохерентност во спроведувањето на нејзините политики, како и на политиките предложени од министерствата и другите органи на државната управа.

Првиот дел на Стратешкиот план, дава анализа на состојбите, ги дефинира мисијата и визијата на Генералниот секретаријат, неговите задачи, обврски и структура, како и приоритетите и целите за наредниот тригодишен период. Овој дел, исто така, содржи и осврт на постигнатите резултати во 2023 и 2024 година. Во овој контекст, со Стратешкиот план се дефинирани пет (5) стратешки приоритети, во рамките на кои утврдени вкупно 19 цели, соодветно разработени во пет стратешки програми и доразвиени во 14 потпрограми.

Вториот дел од Стратешкиот план, дава преглед на плановите за спроведување на стратешките програми и потпрограми, нивната поврзаност со стратешките приоритети на Владата за 2024 – 2028 година, Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА), како и поврзаноста со стратешките приоритети и цели на Генералниот секретаријат.

Останатите делови од Стратешкиот план ги обработуваат прашањата поврзани со човечките ресурси, принципите на правична застапеност, принципите на еднакви можности на жените и мажите, како и заедничките функции, кои ги вклучуваат развивањето на политиките, стратешкото планирање и подготвувањето на буџетот, извршувањето на буџетот и управувањето со средствата, управувањето со човечките ресурси, управувањето со информациските технологии и внатрешната ревизија.

Составен дел на Стратешкиот план се ризиците, кои се утврдени на ниво на план и стратешки програми.

# I. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

## I.1 Појдовна основа

Генералниот секретаријат е стручна служба која обезбедува стручна и логистичка поддршка на Владата, на претседателот на Владата, неговите заменици и министрите, со цел нивно законито, ефикасно и транспарентно работење.

## I.2 Анализа на правната рамка

Основните правни акти со кои е регулирано функционирањето на Генералниот секретаријат се: Законот за Владата,[1] Законот за организација и работа на органите на државната управа[2] и Деловникот за работа на Владата.[3]

Дополнително, за спроведувањето на функцијата координатор на процесот на стратешко планирање и негово следење на централно ниво, важни се и следните документи:

- Закон за буџети[4];
- Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024-2028 година[5];
- Фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2025-2029;
- Методологија за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија[6];
- Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа[7];

[1] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 98/19)

[2] „Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/2024

[3] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07. 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 144/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13,145/14, 62/15, 41/16, 153/16 и 113/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 228/19, 72/20, 215/20, 309/20, 41/21, 56/21 и 70/22

[4] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 203/22 и 59/2023

[5] https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/programa-na-vladata-2024-2028.pdf

[6] „Службен Весник на Република Македонија“ бр. 124/08 и 58/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 223/19

[7] „Службен весник на Република Македонија“ бр.131/18

- Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување на спроведувањето на Стратешкиот план и Годишниот план за работа[8];
- Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија[9];
- Национална Програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) ревизија 2021 – 2025[10];
- Национална развојна стратегија 2024 – 2044[11];
- Методологија за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии и мултисекторските стратегии[12];
- Упатство за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мулти секторските стратегии[13];
- Други долгорочни и среднорочни стратешки документи на Владата.

## I.3 Анализа на ресурсите

### I.3.1 Финансиски ресурси

Генералниот секретаријат се финансира преку средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, а дел од проектите се финансираат и преку средства обезбедени од различни донатори.

## I.4 PESTLE анализа

Анализата на политичките, економските, социјалните, технолошките, правните и еколошките фактори, позната под акронимот PESTLE[14], е метод кој овозможува да се согледа влијанието на надворешните фактори врз работењето на институцијата. Некои од поважните фактори кои имаат влијание врз функционирањето на Генералниот секретаријат се прикажани во табелата подолу.

[8] „Службен весник на Република Македонија“ бр.131/18
[9] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 222/19
[10] https://www.sep.gov.mk/data/file/NPAA/NPAA%202021/NPAA%202021-2025.pdf
[11] „ Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 222/24
[12] Усвоена на 48. седница на Владата, одржана на 25.5.2022 година
[13] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/22
[14] Political, Economic, Social, Technological, Legal, Environmental

*Табела 1 Поважни надворешни фактори кои влијаат врз работењето на Генералниот секретаријат*

| **политички фактори** | **економски фактори** | **социјални фактори** | **технолошки фактори** | **правни фактори** | **еколошки фактори** |
|---|---|---|---|---|---|
| ▪ стратешки приоритети и цели на Владата;<br>▪ задолженија од Владата;<br>▪ политичка поддршка и овозможување предуслови за извршување на надлежностите на Генералниот секретаријат;<br>▪ обврски кои произлегуваат од процесот на пристапување во Европската Унија;<br>▪ соработка со останатите институции од Центарот на Влада (МЕП, СЗ, МФ и МЈА) | ▪ расположливи финансиски средства во Буџетот;<br>▪ социо-економски последици од здравствената и енергетската криза;<br>▪ расположливост на финансиски средства од донатори (за проектни активности) | ▪ влијание на граѓанското општество;<br>▪ информирање на медиумите за работата на Генералниот секретаријат | ▪ напредок на технологијата и технолошките процеси | ▪ општи законски и подзаконски акти;<br>▪ усогласување на националното законодавство со правото на Европската Унија;<br>▪ обврски преземени согласно меѓународни договори | ▪ климатски промени;<br>▪ меѓународни и национални стандарди за заштита на животната средина |

## I.5 SWOT анализа

SWOT[15] или анализа на предностите (силните страни), слабостите (слабите страни), можностите и опасностите (заканите), е метод кој овозможува да се согледа влијанието на внатрешните фактори врз работењето на Генералниот секретаријат, како што е прикажано во табелата подолу.

15 Strengths, Weaknesses, Opportunities and Threats

*Табела 2 SWOT анализа*

| ПРЕДНОСТИ (СИЛНИ СТРАНИ) | СЛАБОСТИ (СЛАБИ СТРАНИ) |
|---|---|
| ▪ посветеност на вработените за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски;<br>▪ солидна информатичко-комуникациска основа за дигитално работење;<br>▪ воспоставен функционален систем на стратешко планирање на централно ниво;<br>▪ расположливост на административни капацитети за стратешко планирање;<br>▪ соодветна правна рамка усогласена со ЕУ легислативата. | ▪ недостаток на човечки ресурси во одделни сектори;<br>▪ недоволна искористеност на функцијата за координација и контрола на квалитетот во креирањето на политиките на Владата;<br>▪ недоволна искористеност на системот за следење и известување на работата на Владата;<br>▪ ниско ниво на примена на Деловникот за работа на Владата, во однос на организацијата и работата на седниците на Владата и работните тела на Владата;<br>▪ несоодветни акти за внатрешна организација и систематизација на работните места. |
| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ (РИЗИЦИ) |
| ▪ целосна дигитализација на внатрешните процеси на работа;<br>▪ надградба на знаењата и стручно усовршување на вработените преку обуки во одделни сектори;<br>▪ зајакнување на улогата на Генералниот секретаријат како Центар на Владата;<br>▪ процесот на преговори за членство на Северна Македонија во ЕУ;<br>▪ процесот за реорганизација и оптимизација на јавната администрација;<br>▪ процесот на спроведување на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030;<br>▪ процес на спроведување на Националната развојна стратегија 2024 – 2044, следење, известување и оценка. | ▪ недоволно разбирање на улогата на Генералниот секретаријат како Центар на Владата;<br>▪ зголемен одлив на човечки ресурси од Генералниот секретаријат;<br>▪ недоволна координација со КПВ и кабинетите на замениците на претседателот на Владата;<br>▪ задолженија од Владата кои се надвор од надлежностите на Генералниот секретаријат. |

# II. ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА

## II.1 Мисија

Генералниот секретаријат е стручна служба на Владата на Република Северна Македонија, со основна задача да обезбеди координација, стручна и логистичка поддршка на Владата во целина, за потребите на претседателот на Владата, замениците на претседателот на Владата и на членовите на Владата, со цел остварување на програмските определби и приоритети на Владата во рамките на утврдените надлежности, со Уставот на Република Северна Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори.

## II.2 Визија

Современ, ефикасен, дигитализиран и транспарентен Центар на Владата.

## II.3 Задачи и обврски на Генералниот секретаријат

Задачите и обврските на Генералниот секретаријат, се утврдени со Законот за Владата, Деловникот за работа на Владата и Правилникот за внатрешна организација на Генералниот секретаријат и тие вклучуваат: според новиот Деловник

- Координација на процесот на стратешкото планирање на централно ниво и негово усогласување со буџетскиот процес;
- Анализа на политиките и координација;
- Стручна поддршка во подготвување и одржувањето на седниците на Владата и на работните тела на Владата;
- Јакнење на соработката со невладините организации и други правни лица;
- Координација во привлекување инвестиции од страна на јавните институции;
- Координација со институции задолжени за привлекување странски инвестиции за организација на настани од овој вид во селектирани земји;
- Развој и управување со човечките ресурси;
- Развој и искористување на информатичката инфраструктура;
- Транспарентност на работењето на Владата и развивање на односите со јавноста.

## II.4 Специфичност на Генералниот секретаријат

Генералниот секретаријат е стручна служба на Владата на Република Северна Македонија, која врши координација и обезбедува кохерентност во спроведувањето на политиките на Владата, предложени од министерствата и другите органи на државната управа.

## II.5 Структура на Генералниот секретаријат



## II.6 Приоритети и цели на Генералниот секретаријат

За реализација на стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 2025-2027 година, во Генералниот секретаријат се утврдени пет (5) приоритети и деветнаесет (19) цели.

### II.6.1 Приоритет бр. 1 – Дигитализација, добро владеење и континуирано осовременување на информациско-комуникациската инфраструктура во Генералниот секретаријат како Центар на Владата

Овој приоритет ќе се остварува преку реализација на следните три цели:

- целосна дигитализација на процесите во Генералниот секретаријат на Владата;
- одржување и надградба на информациско-комуникациската инфраструктура и
- креирање и спроведување на политики за добро владеење во Генералниот секретаријат.

### II.6.2 Приоритет бр. 2 – Зајакнување на интегрираниот систем на стратешкото планирање

Овој приоритет ќе се остварува преку реализација на следните седум цели:

- развивање на кохерентен секторски систем на планирање;
- зајакнување на процес на подготовка и следење на реализацијата на Годишната програма за работа на Владата и јакнење на капацитетите на министерствата;
- зајакнување на капацитетите и соработка со организационите единици за стратешко планирање;
- надградба на е-Влада - модул Стратешко планирање/доразвивање на модулот стратешко планирање, зајакнување на ефикасноста и надградба на електронскиот систем за подготвување и следење на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата;
- развивање на среднорочното програмско планирање и
- воведување на секторски пристап, паметна сп базирана врз принципите на одржлива циркуларна економија и европски стандарди градење на интегриран сеопфатен систем за следење,

- известување и оценка на Националната развојна стратегија (НРС), како и поддршка за нејзино забрзано спроведување, согласно определбите за членство во ЕУ и постигнување на Целите за одржлив развој.

### II.6.3 Приоритет бр. 3 – Развивање и унапредување на процесот на анализа на политиките и координација

Овој приоритет ќе се остварува преку реализација на следните две цели:

- ефективно, ефикасно, транспарентно, инклузивно креирани политики базирани на докази и
- поддршка на инклузивен, независен и професионален граѓански сектор, кој е партнер на институциите во креирањето и реализацијата на стратешките цели на државата.

### II.6.4 Приоритет бр. 4 – Подобрување на регулаторната рамка во функција на подобрување на деловната клима

Овој приоритет ќе се остварува преку реализација на следните четири цели:

- создавање на поволна деловна клима со политики на соработка со бизнис секторот, недискриминација, зголемена ефикасност и транспарентност на институциите и целосно почитување на правната држава;
- поддршка и развој на одржливи и конкурентни микро, мали и средни компании, унапредување на занаетчиството, целосно искористување на претприемачкиот дух и знаење на домашните човечки ресурси;
- поддршка на економијата преку зголемување на инвестициите во науката, истражувањето и иновациите и
- намалување на сивата економија и поттикнување на приватна иницијатива и инвестиции.

### II.6.5 Приоритет бр. 5 – Навремено, транспарентно и објективно информирање на јавноста за работењето на Владата

Овој приоритет ќе се остварува преку реализација на следните три цели:

- унапредување на системот за информирање на Владата, министерствата и институциите, во функција на нивно транспарентно работење и проактивна комуникација со јавноста;
- координиран и усогласен настап во јавноста и
- осовременување на информирањето и комуникацијата со јавноста.

## II.7 Осврт на постигнатите резултати во 2023 година

### II.7.1 Програма 1 – Дигитализација

Основните начела за дигитална трансформација на општеството, иницијално развиени од Естонскиот центар за меѓународен развој, во рамки на проектот за унапредување на дигитализацијата на Северна Македонија, спроведен со финансиска поддршка од Естонија и САД, се интегрирани во документот „Концепт за дигитална трансформација на општеството”[16], кој е усвоен од Владата на Република Северна Македонија на 21 март 2023 година.

### II.7.2 Програма 2 – Стратешко планирање

Во рамките на оваа Програма, во текот на 2023 година, се подготвени и донесени следните документи, вклучувајќи:

- Стратешки план на Генералниот секретаријат за периодот 2023-2025[17];
- Анализа за степенот на остварувањето на стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2023 година;
- Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2024 година, донесена на седница на Владата на Република Северна Македонија на 16 мај 2023 година[18];
- Извештај за степенот на реализација на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2023 година (период јануари-јуни);
- Нацрт - Стратешки план на Генералниот секретаријат на Владата за периодот 2024-2026 година;
- Предлог-програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година;
- Годишен извештај за степенот на реализација на Годишната програма за работа на Владата (ГПРВ) за 2023 година, со мониторинг индикатори;
- Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година, донесена на седница на Влада на Република Северна Македонија на 28 ноември 2023 година[19] и
- Законодавните агенди за периодите од 30.06.-31.12.2023 година.

На 11-ти и 12-ти мај 2023 година, во соработка со СИГМА, организирана беше дводневна работилница со цел да се унапреди квалитетот на секторското и мулти-

[16] https://vlada.mk/konceptDT

[17]https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/strategiski_plan_gs_2023-2025_f-20230116_signed.pdf

[18] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/23

[19] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 256/23

секторското планирање на политиките, преку имплементација на новите Методологија и Упатство за развој и следење на секторските стратегии.

Од 24-27.10.2023 година, одржани беа две дводневни работилници за градење на капацитети за ефективен развој и следење на секторски и мулти-секторски стратегии во Северна Македонија, на која учествуваа по три административни службеници од сите министерства. Целта на работилниците беше унапредување на квалитетот на секторското и мулти-секторското планирање на политиките на Владата на Република Северна Македонија, преку градење на капацитети во министерствата за практична примена на методите и техниките, содржани во Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии и во Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мулти-секторските стратегии.

Формирана работна група за усогласување на Методлогијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија со Законот за буџетите која одржала неколку работни состаноци во соработка со Центар со управување на промени (ЦУП).

Во текот на 2023 година, со експертска и техничка помош од ООН, УНДП, Амбасадата на Обединетото кралство и Амбасадата на Република Словачка, се спроведуваа активности за креирање на **Националната развојна стратегија,** преку инклузивен процес што ги вклучува сите засегнати чинители во општеството. Националната развојна стратегија претставува чадор стратегија, која во себе ги имплементира сите постоечки стратегии и дава визија за раст и развој во следните 20 години, преку мапирање на националните потенцијали и приоритети за развој.

Во овој процес се подготвени низа документи и студии за потребите на Националната развојна стратегија, кои се достапни на веб локацијата на стратегијата, https://nrs.mk/mk-MK/dokumenti.nspx, вклучувајќи анализа на моменталната состојба во државата, која е направена врз основа на 23 тематски студии.

Организирани се над 40 визионерски работилници, со учество од над 5000 граѓани, повеќе од 10 експертски дебати, со повеќе од 200 експерти. Во креирањето на документот се вклучени повеќе од 250 претставници од националните институции, повеќе од 60 градоначалници, повеќе од 50 пратеници од власта и опозицијата, претставници на стопанските комори, над 100 граѓански организации, над 500 претставници од маргинализирани и ранливи групи и повеќе од 1000 учесници од младински организации и млади.

По спроведувањето на широк консултативен процес, подготвен е Закон за Националната развојна стратегија, предложен од група пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

Во Генералниот секретаријат е формиран тим – Оперативна структура за поддршка на изработката, спроведувањето и следењето на Националната развојна стратегија, кој активно учествува во сите активности, а во текот на 2023 година, обезбеди интензивна, континуирана и ефикасна поддршка на сите настани во рамки на процесот на подготовка на стратегијата и воспостави мрежа на контакт лица од надлежните министерства и институции, задолжени за Националната развојна стратегија.

Обезбедена е промоција на процесот на подготовка на Националната развојна стратегија и активно вклучување на граѓаните, преку веб локацијата https://www.nrs.mk, каде се поставени видеа и радио реклами за Националната развојна стратегија.

### II.7.3 Програма 3 – Анализа на политиките и координација

Во рамките на оваа програма, реализирани се повеќе активности и подготвени се повеќе документи, вклучувајќи:

- Координација со Подгрупата за развој на политики и координација на Работната група на Министерството за информатичко општество и администрација за изработка на новата Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030 и учество во подготовката на Патоказот за реформа на јавната администрација во делот Развој на политики и координација. Целите и планираните активности на Генералниот секретаријат во оваа област се претставени на панел дискусијата за промоција на Стратегијата за реформа на јавната администрација (20.9.2023 година) и на Регионалната конференција за предизвиците за постигнување ефективно планирање на политиките во Западен Балкан (19-20.10.2023 година, Виена, Австрија). Воедно, со поддршка на СИГМА, на 21.11.2023 година, организирана беше работилница за вработените во Генералниот секретаријат, за унапредување на квалитетот на регулативата и донесувањето на одлуките на Владата на Република Северна Македонија;
- Следење на постапувањето по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања и подготовка на квартални извештаи за информирање на Владата, во рамките на кое беа подготвени и усвоени од Владата, три Информации за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител;
- Координирање и следење на спроведувањето на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2022-2024. Врз основа на анализа на одговорите на прашалници за мерење на индикаторите од Акцискиот план, дистрибуирани до членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество и до 8.111 активни адреси на граѓански организации, подготвен беше Извештај за напредокот во спроведувањето на

Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022 – 2024 и постигнување на стратешките и оперативните цели во 2022 година. По одржани консултативни средби со граѓанските организации во Гостивар, Скопје и Штип и работилница со членовите на Мрежата државни службеници за соработка со граѓанското општество, Извештајот беше разгледан на 154-та седница на Владата, одржана на 16.5.2023 година;

- Следење на примената на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики. Врз основа на одговорите на прашалник дистрибуиран до членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество подготвен беше Извештај за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2022 година. Извештајот беше разгледан на 180-та седница на Владата, одржана на 22.8.2023 година. Воедно, на 17.8.2023 година објавен беше повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година, а доставените 24 иницијативи на граѓански организации и одговорите на ресорните министерства се објавени на веб-страницата www.nvosoraobotka.gov.mk;
- Унапредување на околината во која функционира и се развива граѓанското општество, преку активно учество во работните групи за изработка на Закон за здруженија и фондации, Закон за донации и спонзорства во јавните дејности и Стратегија за транспарентност 2023-2026, подготовка на придонес кон годишниот Извештај на Европската комисија за областа Граѓанско општество и учество во подготовката на Патоказот за функционирање на демократските институции во делот Улогата на граѓанското општество;
- Следење на условите за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор. Подготвен беше Извештај за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од Владата, органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа во 2022 година, што беше разгледан на 187-та седница на Владата, одржана на 26.9.2023 година;
- Административно-техничка поддршка на Комисијата за организации со статус од јавен интерес. Поради истекот на мандатот на членовите, Владата во март 2023 година донесе решение за именување на претседател и членови на Комисијата за организации со статус од јавен интерес. Новиот состав на Комисијата одржал две седници, на кои беше разгледан Извештајот за работа за 2022 година и деловни и финансиски извештаи на организациите со статус од јавен интерес и
- Одржување на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации (www.nvosorabotka.gov.mk), преку континуирано ажурирање на содржините на македонски и албански јазик.

## II.7.4 Програма 4 – Деловно опкружување и регулаторна реформа

Од појавувањето на корона вирусот, Владата на Република Северна Македонија донесе вкупно шест пакети на антикризни мерки, сите насочени кон справување со негативните последици врз економијата. Во рамки на сите шест пакети антикризни мерки, донесени се 108 различни мерки. Вредноста на сите пакети антикризни мерки изнесува околу 1,2 милијарди евра. Овие финансиски средства беа насочени повторно кон граѓаните и стопанството за да се обезбеди стабилна одржливост на економијата со потенцијал за ревитализација. До крајот на 2022 година, за справување со негативните ефекти од корона вирусот целосно потрошени средства се околу 1.020 милиони евра, односно околу 85% од вкупно планираните.

Продолжуваат активностите за развој на **Стратегијата за паметна специјализација (S3),** како сеопфатен модел за одржлив економски раст заснован на капацитетите на домашната индустрија, науката и општеството. S3 треба да ги поврзе и да додаде вредност на Индустриската политика, а и да ги замени Стратегијата за конкурентност и Стратегијата за иновации. Стратегијата се развива согласно методологијата и во координација со Заедничкиот истражувачки центар на Европската Комисија (EC Joint Research Center JRC).

Во рамки на третиот столб од Планот за економски раст, продолжи спроведувањето на Среднорочната програма за поддршка на мали, средни и старт-ап компании на Фондот за иновации и технолошки развој. Вкупниот број на досега поддржани проекти преку Фондот за иновации и технолошки развој заклучно со 31 октомври 2023 година се 1.100 проекти со вкупна вредност од 138.354.246 евра, 85.990.445 евра се ко-финансирани од ФИТР, а 52.363.801 евра се ко финансирани од компаниите.

Како области за кои се водеше процесот на претприемничко откривање се вертикалните домени: паметно земјоделство и прехрамбени производи со повисока додадена вредност; ИКТ; паметни/одржливи згради и материјали; електрична опрема и машински делови; додека хоризонтално беа дискутирани областите за енергија за иднината, зелена и дигитална транзиција и одржлив туризам. Следи фазата на финализација на стратешкиот документ, кој треба да биде усвоен од страна на Владата во 2023 година.

Во поглед на поддршката од странски донатори и фондови, продоложи соработката на Република Северна Македонија со **Зелениот климатски фонд (ЗКФ)** воспоставена со цел успешно справување со предизвиците од климатските промени, вклучително и преку проект за развој на капацитетите на државата за креирање општество кое ќе овозможи човековиот капитал во државата да биде свесен за и отпорен кон климатските промени (започнат во август 2022 година).

### II.7.5 Програма 5 – Транспарентност

На 121-та седница, одржана на 24 јануари 2023 година, Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изработка на Стратегија за транспарентност со Акциски план (2023-2026) на Владата на Република Северна Македонија и го задолжи заменикот на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење, во име на Владата да го потпише Меморандумот за соработка со Фондацијата Метаморфозис, како и да ги координира понатамошните активности за изработка на Стратегијата за транспарентност.

Во таа насока, по потпишување на Меморандумот за соработка, на 13 февруари 2023 година, се формираше Работна група за изработка на Стратегијата, во која се вклучени претставници од Кабинетот на заменикот на претседателот на ВРСМ, задолжен за политики за добро владеење; Генералниот секретаријат на ВРСМ; од Канцеларијата на Претседателот на ВРСМ; Министерството за информатичко општество и администрација; Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер; Здружението на новинарите на Македонија; претставници на повеќе здруженија на граѓани и на фондации, односно Метаморфозис Фондацијата за интернет општество, Центарот за управување со промени, ИРИ - Меѓународниот републикански институт, НДИ - Националниот демократски институт, Центарот за граѓански комуникации, Советот за соработка и развој на граѓанскиот сектор, Стопанска комора на Северна Македонија. За работната група е обезбедена и експертска поддршка од два домашни консултанти.

Работната група одржа 9 состаноци и една дводневна работилница, за креирање на Стратегијата, при што е следена Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии и насоките од Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мултисекторските стратегии. Подготвената Нацрт-Стратегија со Акцискиот план (2023-2026), на 1 август 2023 година е објавена на ЕНЕР, за консултации со засегнатите страни.

По завршување на консултациите, организирани се две јавни расправи (на 11.9.2023 година во Скопје и на 4.10.2023 година во Велес, на кои учествуваа вкупно 162 учесника (89 учесници во Скопје и 73 учесници во Велес).

На 240-та седница, одржана на 6 декември 2023 година, Владата на Република Северна Македонија ја разгледа и усвои Стратегијата за транспарентност на Владата на Република Северна Македонија со Акциски план (2023-2026).

## II.8 Осврт на постигнатите резултати во 2024 година

### II.8.1 Програма 1 –Дигитализација

Во рамките на оваа Програма, во текот на 2024 година беа спроведени следниве активности:

- целосна дигитализација на дел од внатрешните процеси во Генералниот секретаријат на Владата;
- секој процес се трансформираше во соодветно дигитално решение (апликација) и досега се дигитализирани процеси, и е направен план за дигитализација на останатите процеси. Дигитализирани се следниве процеси: Барања за службено/приватно отсуство, за годишен одмор, за прекувремена работа, службено патување, ИТ барање и барање за платено отсуство, преглед на книжен фонд-библиотека и во фаза на тестирање се процесите додаток на плата и хелп деск.

Имено, со новиот развој, секој процес се трансформира во соодветно дигитално решение (апликација), односно се спроведува процес на дигитална трансформација на работните процеси, досега базирани на хартија, и се модернизира Интранет порталот.

*Потпрограма 2: Осовременување на информациско-комуникациската инфраструктура*

Успешно беа реализирани повеќе значајни активности, како дел од напорите за осовременување на Дата Центарот и подобрување на ИТ системите во Генералниот секретаријат, вклучувајќи:

- Реализиран проект за осовременување на Дата Центарот, со кој беа воведени нови, напредни системи, со кои се подобри ефикасноста и функционалноста на ИТ системите, што обезбедува полесно и безбедно функционирање.
- Набавка на лиценци за Микрософт програми, што обезбеди легална употреба на софтверот, но и подобрена функционалност на ИТ решенијата во повеќе институции од јавниот сектор, вклучувајќи го и Генералниот секретаријат.

Составен дел на договорот е подигнување на нивото на безбедносна околина кое опфаќа: прашалници, анализа на безбедноста во информацискиот систем, безбедносна анализа на Microsoft инфраструктурата, изработка на безбедносен план за подобрување и отстранување на ранливоста во информацискиот систем, создавање на планови за управување со безбедносните ризици во инфраструктурата, имплементација и оптимизација на Microsoft безбедносните системи, развој на план за оптимизација и инвестиции во безбедносни решенија и протоколи, организација на работилници за безбедност и континуирана поддршка

во спроведувањето на дефинираните безбедносни планови и советување. Активности се започнати согласно усвоениот план за реализација на истите.

Овие активности значително придонесоа кон подобрувањето на информатичката инфраструктура и претставуваат значаен успех во напорите за модернизација и напредок во ИТ областа.

*Потпрограма 3: Надградба на системот е-влада*

Во оваа потпрограма реализирани се следниве активности:

- Се воведе и во континуитет електронскиот регистар на секторски стратегии, чија главна цел е создавање на централен регистар на секторските стратегии, кој овозможува лесен пристап и следење на релевантните информации од сите сектори и има значаен придонес за подобрување на ефикасноста и транспарентноста на Владата.
- Согласно утврдените потреби од страна на Работната група за системот за е-Седници, со кои генерално се зајакнува ефикасноста, ефективноста, оперативноста и транспарентноста на работата на Владата, работните тела на Владата, министерствата и другите институции кои соработуваат со Владата, извршена е надградба и преработка на Мултиплатформскиот систем за колаборација за е-Седници на Владата, за системската компонента е-Влада што вклучува:
  - Интеграции,
  - Дигитално потпишување,
  - Системско навигирање,
  - Мултијазичност и
  - Работа со материјали – е-Седница.

### II.8.2 Програма 2 – Стратешко планирање

Во текот на 2024 година, се подготвени и донесени следните документи, вклучувајќи:

- Стратешки план на Генералниот секретаријат за периодот 2024-2026[20];
- Годишен план за работа на Генералниот секретаријат за 2024 година[21];

[20]https://www.scribd.com/document/699229509/%D0%A1%D1%82%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B5%D1%88%D0%BA%D0%B8-%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD-%D0%BD%D0%B0-%D0%93%D0%B5%D0%BD%D0%B5%D1%80%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D0%BE%D1%82-%D1%81%D0%B5%D0%BA%D1%80%D0%B5%D1%82%D0%B0%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82-2024-2026-F-Signed-15011202-1#fullscreen&from_embed

[21] https://www.scribd.com/document/702676982/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD-%D0%BF%D0%BB%D0%B0%D0%BD-%D0%B7%D0%B0-%D1%80%D0%B0%D0%B1%D0%BE%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%93%D0%B5%D0%BD%D0%B5%D1%80%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B8%D0%BE%D1%82-%D1%81%D0%B5%D0%BA%D1%80%D0%B5%D1%8

- Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на Генералниот секретаријат за 2023 година;
- Анализа за степенот на остварувањето на стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2024 година
- Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година, донесена на 16 јануари 2024 година;
- Законодавен преглед за периодите од 01.01.-30.06.2024 година. По спроведувањето на широк консултативен процес, донесен е Закон за Национална развојна стратегија[22], предложен од група пратеници во Собранието на Република Северна Македонија;
- Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година;
- Подготвен извештај од анализа на нацрт-стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година;
- Финализирање на  нацрт-стратешки план на Генерален секретаријат за 2025-2027 година;
- Подготвување на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година и
- Подготовка на годишен извештај за степен на реализација на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2024 година.

Според Законот за Националната развојна стратегија, управувачката структура ја сочинуваат Националниот совет за развој и помошните тела: Управниот одбор и Работниот комитет. Во текот на 2024 година, се одржаа две седници на Националниот совет за развој, односно првата конститутивна седница (22.02.2024 година) и втората седница (23.09.2024 година ) на којашто, меѓудругото, беше разгледан и утврден текстот на нацртот на Националната развојна стратегија 2024-2044 година и Програмата за спроведување за периодот 2024-2028 година. Овие документи, Советот ги достави на разгледување до членовите на Владата на Република Северна Македонија како предлог текст, и понатаму беа доставени на разгледување и донесување во Собранието на Република Северна Македонија.

За работата на Националниот совет за развој и помошните тела, јавноста се информира преку посебната веб страна https://www.nrs.mk/ на која се пристапува и преку банер директно од сајтот на Владата https://vlada.mk/, како и од банерите

2%D0%B0%D1%80%D0%B8%D1%98%D0%B0%D1%82-%D0%B7%D0%B0-2024-%D0%B3%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D0%BD%D0%B0#fullscreen&from_embed

[22] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 30/2024

на веб сајтовите од министерствата. Дополнително, од аспект на транспарентност, јавноста се информира и преку социјалните мрежи (Facebook, Instagram и Tweeter-X).

Националната развојна стратегија 2024-2044 година и Програмата за нејзино спроведување за периодот 2024-2028 година беа усвоени од Собранието на 29.10.2024 година[23].

Работниот комитет, како помошно тело на Националниот совет за развој, е организиран според „принципот на четирикратна спирала" со четири подгрупи: државна администрација, граѓанско општество, бизнис заедница и јавни институции. Во работата на Комитетот учествуваат претставници од државната администрација или лица номинирани во мрежата за НРС, а на дигиталната платформа (https://nrs.mk/) преку јавен повик се мобилизираат претставници од различните подгрупи со избор на шесте стратешки области од Стратегијата. На овој начин се креира регистар/база на надворешни експерти како членови на Комитетот.

Покрај иницијалниот состанок на Работниот комитет, реализирани се повеќе состаноци на Комитетот на различни теми, и тоа миграции, енергетика, дигитализација, патна инфраструктура и железници, владеење на правото, преку коишто се обезбедува операционализација на Националната развојна стратегија.

Интензивни се подготовките за воспоставување на систем за следење, известување и евалуација на Националната развојна стратегија. Подготвени се појдовни основи на коишто ќе се базира овој систем односно алатки за следење на Националната развојна стратегија, како и развивање на ефективни инструменти и пристапи за усогласување и координација.

Исто така, иницииран е процес на креирање на Инвестициска мапа (Investor Map), а со цел зголемување на инвестициите коишто ќе придонесуваат кон реализација на целите на Националната развојна стратегија и Целите за одржлив развој.

*Планиран резултат на ниво на програмата*

Подготвување на квалитетни и реално спроведливи стратешки планови на буџетските корисници согласно барањата на новата правна рамка и подобрена имплементација, евалуација и известување во функција на реализација на стратешки приоритети и цели на Владата.

*Показател на успешност*

Број на стратешки програми на органите на државната управа кои се во функција на стратешките приоритети и цели на Владата.

[23] „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.222/24

*Оценка*

Во рамките на Програмата - Стратешко планирање и следење, реализирани се сите активности кои се планирани, со целосен придонес кон реализацијата на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата и приоритетите и целите на Генералниот секретаријат.

### II.8.3 Програма 3 - Анализа на политиките и координација

Во рамките на оваа програма, реализирани се повеќе активности и подготвени се повеќе документи, вклучувајќи:

- Координација на одговорите на прашањата во тематската област Развој на политики и координација во рамките на Оценската мисија на СИГМА за начелата на јавната администрација во 2024 година;
- Следење на постапувањето по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања и подготовка на квартални извештаи за информирање на Владата, во рамките на кое беа подготвени и усвоени од Владата, три Информации за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител;
- Координирање и следење на спроведувањето на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2022-2024. Во соработка со членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество и врз основа на анализа на одговорите на прашалници за мерење на индикаторите од Акцискиот план, дистрибуирани до 8.504 активни адреси на граѓански организации, подготвен беше Извештај за напредокот во спроведувањето на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2022 – 2024 и постигнување на стратешките и оперативните цели во 2023 година, што беше разгледан на 17-та седница на Владата, одржана на 23.4.2024 година;
- Следење на примената на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики. Врз основа на анализа на податоците на ЕНЕР и одговорите на прашалник дистрибуиран до министерствата преку членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество, подготвен беше Извештај за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2023 година, што беше разгледан на 17-та седница на Владата, одржана на 23.4.2024 година. Воедно, на 20.8.2023 година објавен беше повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2025 година, а доставените 35

иницијативи на граѓански организации и одговорите на ресорните министерства се објавени на веб-страницата www.nvosoraobotka.gov.mk;

- Воспоставување структурен дијалог со граѓанските организации. Согласно заклучоците од дебатата „Зајакнување на соработката меѓу Владата и граѓанското општество", одржана на 4.9.2024 година во Граѓанскиот ресурсен центар во Скопје и консултативниот процес со граѓанските организации по објавен повик на www.nvosorabotka.gov.mk и консултативни средби во Скопје (15.10 и 1.11.2024 година), Гостивар (24.10.2024 година) и Битола (25.10.2024 година), подготвена е Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, што е во постапка на донесување од страна на Владата. Во соработка со Меѓународниот републикански институт (ИРИ), Владата започна со одржување на средби со граѓанските организации „Дијалог меѓу Владата и граѓанскиот сектор". Првата средба се одржа на 25.9.2024 година на тема „Владеење на право, добро владеење и борба против корупција", а тема на втората средба се одржа на 25.10.2024 година беше „Образование и младинско учество". Преку средбите се отвори директен дијалог и комуникација на Претседателот на Владата и министрите со граѓанските организации, кои имаат стручност и работат на предлог решенија и механизми за чија имплементација е потребна поддршка или соработка со Владата и ресорните министерства. Доставени се 21 иницијативи од граѓанските организации, кои заедно со одговорите од ресорните министерства, се објавени на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mк.
- Организирање на Годишна конференција на граѓанските организации. На 15.11.2024 година се одржа Националниот форум на Цивика мобилитас, организиран во соработка со Владата на Република Северна Македонија, како Годишна конференција на граѓанските организации за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, со учество на претседателот на Владата, генералниот секретар на Владата, ресорни министри и повеќе од 200 претставници на граѓански организации.;
- Унапредување на околината во која функционира и се развива граѓанското општество, преку иницирање на консултативен процес за подготовка на новата Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028 (објавен јавен повик до граѓанските организации на www.nvosorabotka.gov.mk во периодот 10–30.11.2024 година), активно учество во работните групи за изработка на Закон за здруженија и фондации, Закон за донации и спонзорства во јавните дејности и Стратегија за транспарентност 2023-2026, подготовка на придонес кон годишниот Извештај на Европската комисија за областа Граѓанско општество и учество во подготовката на Патоказот за функционирање на демократските институции во делот Улогата на граѓанското општество;

- Следење на условите за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор. Врз основа на известувања од министерствата, други органи на државната управа и единиците на локалната самоуправа, подготвен е Извештај за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа во 2023 година, што беше разгледан на 27-та седница на Владата, одржана на 22.10.2024 година;
- Административно-техничка поддршка на Комисијата за организации со статус од јавен интерес. Комисијата одржа две седници, на кои беше разгледан Извештајот за работа за 2023 година и деловни и финансиски извештаи на организациите со статус од јавен интерес;
- Одржување на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации (www.nvosorabotka.gov.mk), преку континуирано ажурирање на содржините на македонски и албански јазик.

Планиран резултат на ниво на програмата

Развивање и унапредување на процесот на анализа на политиките и координација на Генералниот секретаријат, министерствата и другите органи на државна управа, донесување квалитетни, кохерентни и координирани одлуки на Владата и унапредување на околината во која функционира и се развива граѓанското општество.

Показател на успешност

Создадени функционални капацитети за анализа на политиките и координација.

Оценка

Во рамките на Програмата – Анализа на политиките и координација реализирани се најголем дел од активностите кои беа планирани во 2024 година. Поради бојкот на членовите на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на граѓанските организации, што продолжи и во текот на 2024 година, степенот на реализација на оваа Програма, а со тоа и на приоритетите и целите на Генералниот секретаријат е намален.

### II.8.4 Програма 4 - Деловно опкружување и регулаторна реформа

Република Северна Македонија ја продолжи соработката со Зелениот климатски фонд преку програмата за зајакнување на капацитетите. Со цел насочено искористување на можностите за соработка со Фондот, започна процес на изработка на стратешкиот документ Работна програма на Република Северна Македонија за соработка со Фондот. Документот е во фаза на усогласување со Зелениот климатски фонд.

Во насока на зголемено искористување на можностите од ЗКФ, започнати се активности за акредитација на Фондот за иновации и технолошки развој за директен пристап до финансиите на Фондот. Се очекува ФИТР да се акредитира до крајот на 2024 година.

Проектната апликација за Национален план за адаптација кон климатските промени, беше доставена до ЗКФ за нивно одобрување и финансирање во февруари 2023 година, а се очекува да биде одобрена во првата половина на 2024 година.

Развиена е проектна апликација за Трет проект за ЗКФ, имплементиран од ФАО. Целта на проектот е воспоставување на механизми за координација и зајакнување на капацитетите меѓу релевантните институции за собирање, обработка, анализа и известување на податоци за финансирање на климата и обезбедување ресурси за институции за собирање, обработка и известување за финансирање на климатски активности, со цел долгорочно институционално зајакнување на Националниот назначен орган (ННО) за Зелениот климатски фонд и Националниот координативен механизам за ЗКФ.

За Третиот Проект во рамките на програмата за зајакнување на капацитетите на ЗКФ"Проект за развој на човечки капител во секторите здравство, образование и социјала" побарано е побарано продолжување без дополнителни трошоци. Новиот рок за завршување на активностите е 28.02.2025.

Со цел спроведување на Планот за економски раст, согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите (ЗФПИ), во 2024 година беа потпишани 277 нови договори. Повеќето склучени договори се однесуваат за финансиска поддршка на капитални инвестиции и конкурентност со цел воведување на нови производи, модернизација на производните процеси и јакнење на конкурентноста на компаниите. Кон корисниците на финансиска поддршка според овој Закон, во текот на 2022 година беа исплатени вкупно 1.408.326.638 денари. Кон корисниците на финансиска поддршка според овој Закон, за инвестициски вложувања во 2023 година тековно се исплаќаат средства во 2024 година, а за вкупно исплатена финансиска поддршка за 2023 година, податок ќе биде обезбеден во Јануари 2025 година. Досега според Законот за финансиска поддршка, почнувајќи од 2018 година, склучени се вкупно 1115 договори.

Од вкупниот број на одобрени предлог проекти, 348 се според инструментот за поддршка на новоосновани друштва „Старт-ап и Спин-Офф", 104 се според инструментот за поддршка за „Подобрување на иновациите", 283 се според инструментот „Технолошки развој за забрзан економски раст", 215 според инструментот„Комерцијализација на иновации", 73 според инструментот „Технолошки развој – Ковид 19", 71 според инструментот „Технолошки развој", три се поддржани според инструментот „Технолошка екстензија", а три се Бизнис акцелератори.

Со цел спроведување на **Планот за економски раст**, согласно Законот за финансиска поддршка на инвестициите (ЗФПИ), во 2024 година беа потпишани 196

нови договори. Повеќето склучени договори се однесуваат за финансиска поддршка на капитални инвестиции и конкурентност со цел воведување на нови производи, модернизација на производните процеси и јакнење на конкурентноста на компаниите. Кон корисниците на финансиска поддршка според овој Закон, за инвестициски вложувања во 2023 година тековно се исплаќаат средства во 2024 година, а за вкупно исплатена финансиска поддршка за 2023 година, податок ќе биде обезбеден во Јануари 2025 година. Досега според Законот за финансиска поддршка, почнувајќи од 2018 година, склучени се вкупно 1115 договори.

Имено, Владата на 06.08.2024 година го разгледа Барањето за донесување на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Координативно тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори, со Предлог – одлука, го прифати Барањето и ја донесе одлуката за изменување на Одлуката за формирање на Координативно тело за следење на арбитражни постапки произлезени од меѓународни договори. Измената на одлуката беше во насока Координативното тело да има задача да презема и кативности во насока на можно спречување на арбитражни спорови кои произлегуваат од меѓународни договори преку медијација.

Владата на седницата одржана на 10.12.2024 година донела ново решение за формирање на работна група за воспоставување на скрининг механизам на странски директни. Конститутивната седница на Работната група беше одржана на ден 16.12.2024 во Министерството за европски прашања.

Задача на Работната група е разработка и предлог на правно решение за воспоставување на функционален национален систем за проверка на странските директни инвестиции, кој ќе биде компатибилен со националните системи за проверка на странските инвестиции на земјите членки на Европската Унија и во корелација со Регулативата на ЕУ за механизам за координација на скрининг на Странските директни инвестиции-СДИ 2019/452.

Спроведена е надградба на системот е-седници, преку воспоставување на алатки за следење на имплементацијата на целите за одржлив развој, политиките за климатски промени и Зелената агенда на ЕУ.

Државата изрази првичен интерес за вклучување во регионалната Програма за енергетска ефикасност во објекти, со цел да се овозможи реконструкција и унапредување на јавните објекти во државата. Преку оваа Програма се очекува да се креира дополнителна можност за инвестиции за енергетска ефикасност и во приватниот сектор.

Со цел насочено искористување на можностите за соработка со ЗКФ, започна процес на изработка на стратешкиот документ Работна програма на Република Северна Македонија за соработка со Фондот. Документот е во фаза на усогласување со Зелениот климатски фонд. Оваа активност ќе продолжи со имплементација во рамкие на Четвртиот проект финансиран преку програмата за зајакнување на

капацитетите на ЗКФ, "Зајакнување на капацитетите и развој на стратешки рамки за градење ниско јаглеродно и општество отпорно на климатски промени во Република Северна Македонија" кој се очекува да отпочне во јануари 2025. Целта на проектот е воспоставување на механизми за координација и зајакнување на капацитетите меѓу релевантните институции за собирање, обработка, анализа и известување на податоци за финансирање на климата и обезбедување ресурси за институции за собирање, обработка и известување за финансирање на климатски активности, со цел долгорочно институционално зајакнување на Националниот назначен орган (ННО) за Зелениот климатски фонд и Националниот координативен механизам за ЗКФ.

Во рамките на Вториот Проект за финансиран преку програмата за зајакнување на капацитетите на ЗКФ, започнати се активности за акредитација на Фондот за иновации и технолошки развој за директен пристап до финансиите на Фондот. Се очекува ФИТР да се акредитира до крајот на 2024 година.
Оваа активност ќе се прекине. Средствата наменети за втора фаза на акредитација на ФИТР кон ЗКФ, во вредност од 0.1 милион УСД, ќе се пренаменат за формирање на ЗЕЛЕН ФОНД НА МАКЕДОНИЈА, чие воспоставување е предвидено со Програмата на Владата, а исто така ќе биде реализиран во рамките на Четвртиот проект  финансиран преку програмата за зајакнување на капацитетите "Зајакнување на капацитетите и развој на стратешки рамки за градење ниско јаглеродно и општество отпорно на климатски промени во Република Северна Македонија".

Проектната апликација за Национален план за адаптација кон климатските промени, е одобрена од ЗКФ, а ефективно отпочнување на преоткто се очекува во јаннуари 2025 година со потпишување на договор за имплементација на проектот мешу Владата и УНДП.

Во 2024 година доставен е проект во рамките на програмата за зајакнување на капацитетите на ЗКФ, Поддршка за процесот на декарбонизација на Северна Македонија преку интегрирано управување со шумските пожари и зајакнување на размената на информации за климата, кој се очекува да биде одобрен до крајот на 2025 година или почеток на 2026 година. Во 2024 година интензивирани се активности во рамките на Проектот - Програма за енергетска ефикасност во згради.

Во 2024 година, доставен за одобрување и одобрен е Проект, односно Програма за зазеленување на финансиските системи (Greening the financial systems) со ЕБОР. Проектот е повеќегодишен. Ефективно проектот ќе започне со реализација кон крајот на 2025 година. Тематски области/ технологии кои ги опфаќа – енергетск аефикасност, обновливи извори на енергија од мал обем, е – мобилност, одржливо земјоделство.Крајни корисници – Јавен и приватен сектор(вклучително домаќинства, мали, средни и микро претпријатија и мали земјоделци). Финанскски алатко кои ќе се корстат – Техничка помош (грант средства), поволни кредити, гаранции, грантови за крајни корисници. Јавен придонес на Северна Македонија – сите средства ќе бидат пласирни преку ЕБОР и ЗКФ, односно нема да има придонес од буџетот на државата.

### II.8.5 Програма 5 - Транспарентност

Поради донесените измени во Законот за изменување и дополнување на законот за организација и работа на органите на државната управа, Работната група задолжена за следење на имплементацијата на Акцискиот план на Стратегијата за транспарентност, одржа состанок на 8 јули 2024 година на кој беше разгледана потребата да се интервенира во текстот на Стратегијата и на Акцискиот план, со цел усогласување со донесените измени. Дополнително беше разгледана и потребата од измени на роковите за реализација наведени во Акцискиот план, кои заради изборниот период не се остварени.

Поради донесените измени во Законот за изменување и дополнување на законот за организација и работа на органите на државната управа, Работната група задолжена за следење на имплементацијата на Акцискиот план на Стратегијата за транспарентност, во која се вклучени и нови членови, одржа состанок на 10 октомври 2024 година на кој беше разгледана потребата да се интервенира во текстот на Стратегијата и на Акцискиот план, со цел усогласување со донесените измени. Дополнително беше разгледана и потребата од измени на роковите за реализација наведени во Акцискиот план, како и дополнување на текстот со нови сфери кои ја засегаат транспарентноста на Владата.

По насока на Кабинетот на Заменик претседателот на Владата задолжен за добро владеење во тек се активности за измена на текстот на Стратегијата и роковите во Акцискиот план, по чие усогласување во најкус рок повторно ќе биде доставена на усвојување на седница Владата на Република Северна Македонија.

## II.9 Програми

Генералниот секретаријат на Владата, во периодот 2025-2027 година ќе реализира стратешки програми кои се во функција на остварувањето на стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија и на приоритетите и целите на Генералниот секретаријат. Во програмите се содржани мерки и активности кои произлегуваат од мисијата на Генералниот секретаријат и нивното остварување треба да значи чекор поблиску до остварување на неговата визија и на утврдените индикатори на успешност.

Во Стратешкиот план се креирани пет стратешки програми:

1. Дигитализација
2. Стратешко планирање
3. Анализа на политиките и координација
4. Деловно опкружување и регулаторна реформа
5. Транспарентност

Во рамките на Програмите, согласно Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии, инкорпорирани се утврдените мерки и активности, содржани во Стратегијата за реформа на јавна администрација, за чие спроведување носител е Генералниот секретаријат.

# III. ПЛАНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ

## III.1 План за спроведување на Програма 1 – Дигитализација

| А: Оправданост и дизајн на Програмата |
| --- |
| Образложение:<br>Програмата 1 – Дигитализација, произлегува од стратешкиот приоритет на Владата – Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигитална економија, ИКТ сектор, вештачка интелегенција, иновации и стартап екосистем, односно приоритетната цел: обезбедување на гигабитно поврзување и пристап до интернет за граѓаните и јавните институции преку развој на безбедна владина ИКТ инфраструктура и развој на национална образовна и истражувачка ИКТ инфраструктура. |
| НПАА<br>▪ Област Реформа на јавната администрација<br>▪ 3.10. Информациско општество и медиуми<br>▪ 3.10.2. Услуги на информатичко општество |
| Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:<br>▪ целосна дигитализација на интерните процеси во Генералниот секретаријат на Владата<br>▪ одржување и надградба на информациско-комуникациската инфраструктура, вклучувајќи ја платформата е-влада;<br>▪ креирање и спроведување на политики за добро владеење во Генералниот секретаријат; |
| Цел на Програмата:<br>Дигитализација на севкупното работење на Владата. |
| Показатели за успех на Програмата:<br>▪ поедноставени процеси во работењето на Генералниот секретаријат како Центар на Владата;<br>▪ зголемено ниво на достапност на ИКТ сервисите;<br>▪ зголемено ниво на безбедност на податоците; |

| | |
|---|---|
| ▪ имплементирани принципи на добро владеење. | |
| Програмата е: ☑ Хоризонтална ☐ Вертикална | |
| Потпрограми (компоненти) од Програмата: | |
| Потпрограма 1: Дигитална трансформација | Показател за успешност:<br>▪ Подготвен Национален план за дигитална трансформација на општеството |
| Потпрограма 2: Осовременување на информациско-комуникациската инфраструктура | Показател за успешност:<br>▪ Обезбедена повисока достапност на ИКТ сервисите;<br>▪ Обезбедена поголема искористеност на ИКТ сервисите;<br>▪ Поврзан DMS систем со е-влада |
| Потпрограма 3: Надградба на системот е-влада | Показател за успешност:<br>▪ Поврзан електронски систем е-влада со дигиталната архива на ГС CDR);<br>▪ Дигитализирани сите процеси во електронскиот систем е-влада<br>▪ Функционален софтвер за следење на ГПРВ;<br>▪ Интегрирани секторски и мулти секторски стратегии во електронскиот систем за стратешко планирање;<br>▪ Прегледен електронски регистар на секторски стратегии достапен на јавноста. |

| Б: План за спроведување на програмата | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Потпрограма 1: Дигитална трансформација | | | | | | | | | | |
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/ година) | Крај (месец/ година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1. Подготовки за воведување на електронски регистар на јавни институции со цел транспарентност, отчетност и мониторинг на реформите на јавната администрација | ЗПВДВ | Меѓународни организации и домашни институции | 1.2025 | 12.2025 | 4 | | | Средства од донатори | | |
| 2. Поддршка во спроведување на краткорочните решенија од Националниот план | ЗПВДВ | Меѓународни организации и домашни институции | 2.2025 | 10.2025 | 2 | | | Средства од донатори | | |
| Вкупно активности во I година: 2 | | | | | 6 | | | | | |
| Вкупно активности во II година: | | | | | | * | | | | |
| Вкупно активности во III година: | | | | | | | * | | | |
| Вкупно активности за потпрограмата 1: 2 | | | | | | | | | | |

| Потпрограма 2: Осовременување на информациско-комуникациската инфраструктура | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/ година) | Крај (месец/ година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год. | II год. | III год |
| 1. Надградба на ИКТ инфраструктура во Генералниот секретаријат (Дата Центар) | СИТ | КГС, СФР | 2.2025 | 12.2027 | 3 | 3 | 3 | 247.000.000 | * | * |
| 2. Набавка на софтвер и ИКТ услуги | СИТ | КГС, СФР, СЈН | 2.2025 | 12.2027 | 3 | 3 | 3 | 55.200.000 | 24.200.000 | 20.000.000 |
| 3. Набавка на лиценци | СИТ | КГС, СФР, СЈН | 3.2025 | 12.2027 | 3 | 3 | 3 | 266.000.000 | 650.000.000 | 300.000.000 |
| Вкупно активности во I година: 3 | | | | | 9 | | | 568.200.000 | | |
| Вкупно активности во II година: 3 | | | | | | 9 | | | 647.200.000 | |
| Вкупно активности во III година: 3 | | | | | | | 9 | | | 320.000.000 |
| Вкупно активности за Потпрограма 2: 9 | | | | | | | | | | 1.534.400.000 |

| Потпрограма 3: Надградба на системот е-влада | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/ година) | Крај (месец/ година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Дигитализација на процесите на е-влада | СИТ | КГС, СФР, СЈН | 2.2025 | 12.2027 | 4 | 4 | 4 | * | * | * |
| 2. Надградба на модулот за следење на ГПРВ | СИТ | КГС, СФР, СЈН | 2.2025 | 12.2025 | 5 | | | 500.000 | * | * |
| 3. Дигитализација и електронско поврзување на орг. единици за страт. планирање во министерствата и другите ОДУ со ГС | СИТ | КГС, ССПС, ОДУ | 1.2025 | 12.2027 | 4 | 4 | 4 | 1.000.000 | 2.000.000 | * |
| 4. Интегрирање на секторските и мулти секторските стратегии во е-влада (модул за стратешко планирање) | СИТ | КГС, ССПС, ОДУ | 2.2025 | 12.2027 | 5 | 5 | 5 | 2.500.000 | 2.500.000 | * |
| 5. Обуки за административни службеници/корисн ици на системот е-влада | СИТ | КГС, СНПР, СЧР, сите министерства, ОДУ | 5.2025 | 12.2027 | 3 | 3 | 3 | * | * | * |
| 6. Електронско поврзување на организационите единици за стратешко планирање во | СИТ | ССПС | 7.2025 | 12. 2027 | 5 | 5 | 5 | 2.500.000 | 2.500.000 | * |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| министерствата и другите органи на државна управа со Генералниот секретаријат | | | | | | | | | | |
| 7. Надградба на е-Влада - модул Стратешко планирање (електронско следење на спроведувањето на ГПРВ; интегрирање на секторските и мулти секторските стратегии во модулот; воведување на електронски регистар на секторски стратегии) | ССПС | СИТ | 7. 2025 | 12. 2027 | 5 | 5 | 5 | * | 3.000.000 | * |
| 8. Надградба на системот е-Влада, дигитализација на процесите во е-Влада; Поврзување на е-Влада со дигиталните платформи: е- | СИТ | СОР, МЕП, Сл. Весник, МЈА, СРСМ | 7. 2025 | 12. 2027 | 3 | 3 | 3 | 2.500.000 | * | * |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Парламент, НПАА и ЕНЕР) | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во I година: 8 | | | | | 34 | | | 9.000.000 | | |
| Вкупно активности во II година: 8 | | | | | | 29 | | | 10.000.000 | |
| Вкупно активности во III година: 8 | | | | | | | 34 | | | * |
| Вкупно активности за Потпрограма 3: 24 | | | | | | | | | | 19.000.000 |

## III.2 План за спроведување на Програма 2 – Стратешко планирање

| А: Оправданост и дизајн на Програмата |
|---|
| Образложение:<br>Програмата 1 - Стратешко планирање произлегува од стратешкиот приоритет на Владата – Професионална и ефикасна јавна администрација, развој на дигиталната економија, ИКТ секторот, вештачката интелигенција, иновациите и стартап екосистем, односно приоритетната цел: стручна, професионална и департизирана администација. |
| НПАА<br>▪ Област Реформа на јавната администрација |
| Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:<br>Зајакнување на интегрираниот систем на стратешкото планирање преку:<br>▪ развивање на кохерентен секторски систем на плаанирање ;<br>▪ зајакнување на процес на подготовка и следење на реализацијата на Годишната програма за работа на Владата и јакнење на капацитетите на министерствата;<br>▪ зајакнување на капацитетите и соработката со организационите единици за стратешко планирање ;<br>▪ Надградба на е-Влада - модул Стратешко планирање / доразвивање на модлуот стратешко планирање зајакнување на ефикасноста и надградба на електронскиот систем за подготвување и следење на спроведувањето на ГПРВ;<br>▪ Развивање на среднорочното програмско планирање; |

<table>
<tr><td colspan="2">

▪ воведување на секторски пристап, паметна специјализација базирана  врз принципите на одржлива циркуларна економија и европски стандарди, градење на интегриран сеопфатен систем за следење и<br>
▪ известување и оценка на Националната развојна стратегија (НРС), како и поддршка за нејзино забрзано спроведување, согласно определбите за членство во ЕУ постигнуавње на Целите за одржлив развој.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Цел на Програмата:<br>Унапредување на кохерентноста на системот на долгорочно, среднорочно и краткорочно планирање.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Показатели за успех на Програмата:<br>
▪ Број на стратешки програми на органите на државната управа кои се во функција на конкретните стратешките приоритети и цели на Владата;<br>
▪ Број на секторски и мулти секторски стратегии кои се  во согласност со  утврдени критериумо со секторско планирање;<br>
▪ Број на секторски и мулти секторски стратегии кои се во функција на конкретните стратешки приоритети и цели на Владата;<br>
▪ Зголемена ефикасност при подготовката на ГПРВ;<br>
▪ Зголемена ефикасност при следењето на спроведувањето на ГПРВ.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Програмата е: " Хоризонтална ☐ Вертикална</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потпрограми (компоненти) од Програмата:</td></tr>
<tr><td>Потпрограма 1: Поврзување на процесот на стратешко планирање со буџетскиот процес</td><td>Показател за успешност:<br>
▪ Донесен Стратешки план, Годишниот план за работа на ГС;<br>
▪ Број на анализирани секторски стратегии од аспект на утврдената форма и содржина со барање на Методологијата за секторски стратегии;<br>
▪ Број на подготвени мислења по нацрт годишниот извештај за спроведување на стратегијата;<br>
▪ Број на анализирани Нацрт-стратешки планови на министерствата и другите ОДУ кои се во функција на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата;<br>
▪ Донесена ГПРВ согласно Методологијата за стратешко планирање и подготвување на ГПРВ и подготвени извештаи за спроведување на ГПРВ</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| Потпрограма 2: Јакнење на административните капацитети | Показател за успешност:<br>▪ Број на организирани обуки за административни службеници чија основна задача е стратешко и буџетско планирање и подготовка и следење на спроведувањето на секторските и мултисекторските стратегии;<br>▪ Број на административни службеници кои ги следеле обуките за секторско планирање |
| Потпрограма 3: Поддршка и следење на спроведувањето на на Националната развојна стратегија 2024-2044 | Показател за успешност:<br>▪ Број на реализирани состаноци на Работниот комитет;<br>▪ Степен на реализација на НРС 2024-2044 |

| **Б: План за спроведување на програмата** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Потпрограма 1: Поврзување на процесот на стратешко планирање со буџетскиот процес | | | | | | | | | | |
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/ година) | Крај (месец/ година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1. Финализирање на Стратешкиот план на ГС 2025-2027 | ССПС | | 1.1.2025 | 15.01.2025 | 3 | * | * | Плати и надоместоци | * | * |
| 2. Подготвување на Годишен план за работа на ГС | ССПС | | 15.1.2025 | 2.2025 | 3 | * | * | Плати и надоместоци | * | * |
| 3. Подготвување на Извештај за спроведување на | ССПС | | 2.2025 | 15.03.2025 | 3 | * | * | Плати и надоместоци | * | * |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Годишниот план за работа на ГС | | | | | | | | | | |
| 4. Подготвување на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишна програма за работа на Владата на Република Македонија со Законот за буџети | ССПС | | 1.2025 | 6.2025 | 3 | * | * | Плати и надоместоци | * | * |
| 5. Извештај од анализата на нацрт-стратешките планови на министерствата и другите ОДУ | ССПС | | 7.2025 | 12.2025 | 3 | * | * | Плати и надоместоци | * | * |
| 6. Подготвување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2026-2030 година | ССПС | | 12.2025 | 12.2027 | 3 | * | * | Плати и надоместоци | * | * |
| 7. Донесување на ГПРВ | ССПС | | | 15.01.2025 | 3 | * | * | Плати и надоместоци | * | * |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. Годишен извештај за степенот на реализација на ГПРВ | ССПС | | 1.1.2025 | 31.3.2025 | 3 | * | * | Плати и надоместоци | * | * |
| 9. Дополнување на иницијативите во електронскиот систем за подготовка на ГПВРСМ со план за консултации со засегнатите страни | ССПС | | 1. 2025 | 9. 2025 | 3 | * | * | Плати и надоместоци | * | * |
| 10. Анализирање и подготвување на мислење по секторските стратегии од аспект на утврдената форма и содржина согласно барањата на Методологијата и Упатството за секторски стратегии | ССПС | | континуирано | континуирано | 3 | 3 | 3 | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци |
| 11. Подготвување на мислење по нацрт годишниот извештај за спроведување на стратегиите од страна на министерствата | ССПС | | континуирано | континуирано | 3 | 3 | 3 | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци |
| Вкупно активности во I година: 11 | | | | | 30 | | | * | | |
| Вкупно активности во II година: 11 | | | | | | 6 | | | * | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно активности во III година: 11 | | | 6 | | | * |
| Вкупно активности за Потпрограма 1:33 | | | | | | * |

| Потпрограма 2: Јакнење на административните капацитети | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1. Организирање и испорака на 32 обуки за административните службеници во министерствата и другите органи на државна управа за стратешко и буџетско планирање (вклучително и за родово одговорно буџетирање) | ССПС | Министерства и ОДУ, МЕП, МФ | 1.2025 | 12. 2027 | 5 | 5 | 5 | 1.000.000 | 1.000.000 | 1.000.000 |
| 2. Организирање и испорака на 32 обуки за административните службеници во секретаријатите и министерствата за подготвување, | ССПС | Министерства и ОДУ, МЕП, МФ | 1. 2025 | 12. 2027 | 5 | 5 | 5 | 1.000.000 | 1.000.000 | 1.000.000 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мулти секторските стратегии (како и за вклучување на родовите аспекти во главните политики) | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во I година: 2 | | | | | 10 | | | 2.000.000 | | |
| Вкупно активности во II година:2 | | | | | | 10 | | | 2.000.000 | |
| Вкупно активности во III година: 2 | | | | | | | 10 | | | 2.000.000 |
| Вкупно активности за Потпрограма 2:6 | | | | | | | | | | 6.000.000 |

| Потпрограма 3: Поддршка и следење на спроведувањето на Националната развојна стратегија 2024-2044 | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | Човечки | | | Финансиски (МКД)[24] | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1. Поддршка на спроведувањето на НРС | ГС, Оперативна структура за НРС, Министерства, ОДУ | Донатори, бизнис и академска заедница | 1.2025 | 12.2044 | 5 | 5 | 5 | Плати и надоместоци и донаторски средства | Плати и надоместоци и донаторски средства | Плати и надоместоци и донаторски средства |

[24] Средствата за реализација на оваа потпрограма ќе се предвидат од Буџетот на државата и од донатори.

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2. Следење, известување и оценка на реализацијата на НРС | Влада, КПВ, ГС, Оперативна структура за НРС, Министерства, ОДУ | Донатори, бизнис и академска заедница | 1.2026 | 12.2044 | 5 | 5 | 5 | Плати и надоместоци и донаторски средства | Плати и надоместоци и донаторски средства | Плати и надоместоци и донаторски средства |
| Вкупно активности во I година: 2 | | | | | 10 | | | * | * | * |
| Вкупно активности во II година: 2 | | | | | | 10 | | * | * | * |
| Вкупно активности во III година: 2 | | | | | | | 10 | * | * | * |
| Вкупно за потпрограма 1: 6 | | | | | | | | 1.200.000 ден. | * | * |

## III.3 План за спроведување на Програма 3 – Анализа на политиките и координација

| А: Оправданост и дизајн на Програмата |
|---|
| Образложение:<br>Програмата 3 - Анализа на политиките и координација произлегува од стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија – Обновување на довербата во институциите, зајакнување на безбедноста, ефикасна<br>борба против корупцијата и криминалот, независност на правосудството и обезбедување на владеење на правото, односно приоритетната цел: Ефективно, ефикасно и инклузивно креирање политики. |
| НПАА<br>▪ Област Функционирање на демократски институции<br>▪ Област Реформа на јавната администрација |
| Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:<br>Развивање и унапредување на процесот на анализа на политиките и координација<br>▪ ефективно, ефикасно, транспарентно, инклузивно креирани политики базирани на докази и |

<table>
<tr><td colspan="2">▪ поддршка на инклузивен, независен и професионален граѓански сектор, кој е партнер на институциите во креирањето и реализацијата на стратешките цели на државата.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Цел на Програмата:<br>Развивање и унапредување на процесот на анализа на политиките и координација на Генералниот секретаријат, министерствата и другите органи на државна управа, донесување квалитетни, кохерентни и координирани одлуки на Владата и унапредување на околината во која функционира и се развива граѓанското општество.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Показатели за успех на Програмата:<br>▪ Создадени функционални капацитети за анализа на политиките и координација.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Програмата е: " Хоризонтална ☐ Вертикална</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потпрограми (компоненти) од Програмата:</td></tr>
<tr><td>Потпрограма 1: Градење институционални капацитети за анализа на политиките и координација</td><td>Показател за успешност:<br>▪ Создадени институционални капацитети за анализа на политиките и координација во Генералниот секретаријат</td></tr>
<tr><td>Потпрограма 2: Поддршка на граѓанскиот сектор</td><td>Показател за успешност:<br>▪ Степен на реализација на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество;<br>▪ Функционален Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество;<br>▪ Воспоставен механизам за учество на граѓанскиот сектор во креирање на политики за развој на државата;<br>▪ Создадени услови за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор.</td></tr>
</table>

Б: План за спроведување на програмата

| Потпрограма 1: Градење институционални капацитети за анализа на политиките и координација | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/ година) | Крај (месец/ година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1. Воспоставување на функционален систем на анализа на политиките и координација | САПК | КГС, СНПР, Стручен колегиум на ГС, министерства | 1.2025 | 12.2027 | 3 | 3 | 3 | 1.200.000 | 1.200.000 | |
| 2. Воспоставување механизам на следење на донесувањето во законски предвидениот рок на подзаконските акти потребни за ефективна примена на законите | САПК | СНПР | 1. 2025 | 12. 2025 | 2 | | | Плати и надоместоци | | |
| 3. Следење на постапувањето по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата, подготовка на | САПК | ОДУ и други органи и организации што имаа јавни овластувања | 1.2025 | 12.2027 | 3 | 3 | 3 | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| извештаи за информирање на Владата | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во I година: 3 | | | | | 8 | | | 1.200.000 | | |
| Вкупно активности во II година: 3 | | | | | | 6 | | | 1.200.000 | |
| Вкупно активности во III година: 3 | | | | | | | 6 | | | |
| Вкупно за потпрограма 1: 9 | | | | | | | 20 | | | 2.400.000 |

| Потпрограма 2: Поддршка на граѓанскиот сектор | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/ година) | Крај (месец/год ина) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год. |
| 1.Подготовка и усвојување на нова Стратегија на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2025-2028 | САПК | Министерства и граѓански организации | 1.2025 | 6.2025 | 4 | | | 400.000 | | |
| 2. Следење на спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и | САПК | Министерства и граѓански организации | 6.2025 | 12.2027 | 4 | 4 | 4 | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| развој на граѓанското општество, со Акциски план и подготовка на извештаи за информирање на Владата и Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество | | | | | | | | | | |
| 3.Следење на примената на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики | САПК | Министерства и граѓански организации | 1.2025 | 12.2027 | 2 | 2 | 2 | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци |
| 4. Изработка на Годишни извештаи за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации | САПК | Министерства и граѓански организации | 1.2025 | 4.2027 | 2 | 2 | 2 | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци | Плати и надоместоци |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
